Согласно член 18 и член 22, а во врска со член 42 од Законот за здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10 и 135/11) Основачкото Собрание на Здружението за напредок, поддршка и одржлив развој на жени ЕПЛ ТРИ Скопје на седницата одржана на ден 06.03.2020 донесе:

# СТАТУТ

Здружение за напредок, поддршка и одржлив развој на жени ЕПЛ ТРИ Скопје

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат името и седиштето, дејностите со кои се остваруваат целите, начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на членување, правата и обврските и одговорностите на членовите, органите и нивниот состав, начин на стекнување и располагање со средства, начин на донесување и изменување на статутот, начин на донесување планови и програми за работа, постапување со средствата и имотот и други прашања согласно закон утврдени во овој Статут и интерес за Здружението за напредок, поддршка и одржлив развој ЕПЛ ТРИ Скопје.

### Член 2

Името на здружението е Здружение за напредок, поддршка и одржлив развој на жени ЕПЛ ТРИ Скопје.

Скратен назив на Здружението е ЕПЛ ТРИ Скопје.

Седиштето на Здружението е во Скопје на ул. „Џон Кенеди“ бр. 27-5/12 Скопје организира и делува на подрачјето на Република Македонија и пошироко.

Здружението има својство на правно лице со права, обврски и одговорност произлегуваат од овој Статут и законските прописи на Република Македонија.

Здружението има свој тркалезен печат и штембил. Печатот го содржи името на Здружението на македонски јазик со кирилично писмо, а на средината стои лого на Здружението.

### Член 3

Здружението е доброволно, непрофитно, невладино, непартиски ориентирано здружение на граѓаните заради остварување, заштита и унапредување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности утврдени со овој Статут.

Член 4

Здружението дејствува на целата територија на Република Македонија. Здружението во своето дејствување може да се проширува на регионално и меѓународно ниво и може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и законите на Република Македонија и во овој Статут.

Член 5

Здружението сопствените цели, задачи и активности ќе ги исполнува во согласност со Уставот и законите на Република Македонија.

Здружението ќе ги превземе сите заштитни механизми за да спречи прилив на средства кои потпаѓаат под надлежност на Агенцијата за спречување на перење пари или се наменети за финансирање на тероризам. За таа цел Здружението ги прифаќа сите мерки од Програмата за имплементација на мерките од дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Здружението во своето работење се оградува од сите партиски активности. Забрането е прифаќање на парични средства од политички партии и финансирање на политички партии и активности.

II ЦЕЛИ НА ЗДРУЖУВАЊЕ И НАЧИН НА НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ

Основни цели на Здружението за напредок, поддршка и одржлив развој на жени ЕПЛ ТРИ Скопје се:

1. Зајакнување на свеста за значењето на жената во Општеството, нејзин напредок и охрабрување и нејзино креативно изразување,
2. Развивање на претприемачки вештини, поддршка на можности за бизнис жените ширум светот.
3. Зголемување на самодовербата и волјата за учество на жените во носење на клучни одлуки, општествено одговорни одлуки, согласно нивните можности, потреби и предизвици,
4. Зголемување на взаемна соработка на жените од урбаните и руралните средини за да се намали постоечкиот дискриминирачки јаз меѓу нив.
5. Поттикнување, следење и развивање на креативноста и критичкото мислење кај жените и поттикнување на самодовербата кај жените.

Член 7

Здружението работи врз основа на план и програма за работа кои се утврдуваат на почетокот на секоја календарска година.

Член 8

Своите цели и задачи Здружението ги остварува преку утврдена Програма, која содржи:

- Поттикнување, следење и развивање на креативноста и критичкото мислење кај жените и поттикнување на самодовербата кај жените,
- Програми за „Млада жена“, одржување бизнис часови, споделување искуства и сл.
- Организирање на обуки, кафе - состаноци, евенти за горенаведените цели, клубови за жени и девојчиња,
- Помош и донација на облека и меѓусебна соработка,
- Помош при изработка на апликации за вработување и интервјуирање,
- Советување и едукативни настани,
- Поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението,
- Организирање на стручни и научни предавања, работилници и презентации и соработка со други земји,
- Спроведување истражувања од областите на интерес и други работи предвидени со овој Статут.

## III ЧЛЕНУВАЊЕ

### Член 9

Член на Здружението може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија, како и странец кој доброволно ќе пристапи кон Здружението со давање на писмена изјава за членство во Здружението и по претходна согласност на претседателот.

Зачленувањето во Здружението се врши со пристапница, додека престанокот во Здружението стапува во сила со потпишување на лична писмена изјава или одлука за престанок на членувањето што ја донесува Собранието.

Здружението за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно.

### Член 10

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението и да учествува во работата на здружението, да придонесува за развојот, промовирање и популарност на Здружението, доброволно да се откаже од членувањето, како и изнесува свои ставови по поставени прашања.

### Член 11

Членовите на Здружението ги имаат следниве права, обврски и одговорности:

- Да го почитуваат Статутот,
- Да присуствуваат на состаноците, да доставуваат податоци и извештаи за работата на Здружението во остварување на целите на Здружението,
- Да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението,
- Да ја поттикнуваат соработката меѓу членовите на Здружението, како и соработката со други здруженија,
- Да го штитат угледот на Здружението,
- Да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа,
- Да го претставуваат Здружението во земјата и странство

Член 12

Членството во Здружението може да престане:

- По барање на членот на Здружението,
- Ако не ги почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него,
- Ако дејствува против целите на Здружението.

Одлука за престанок на членството во Здружението донесува Собранието со 2/3 мнозинство гласови по претходно извршена консултација со Претседателот и Извршниот одбор на Здружението.

## IV ЈАВНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Член 13

Работата на Здружението е јавна и транспарентна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување на членовите, други Здруженија или пошироката јавност за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално-финансиско работење и друго.

Член 14

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата како и електронските медиуми.

Извршниот одбор може да определи лице одговорно за односи со јавноста и промоција на активностите на Здружението.

## V ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 15

Здружението остварува финансии и се финансира преку:

- Донации,
- Спонзорства,
- Договори од локална и централна власт,
- Грантови од домашни и странски фондови,
- Економски активности,
- Фондови,
- Други извори предвидени со Закон и Статут.

Член 16

Користење и располагање со средствата на Здружението добиени по основите од член 15 се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски одредби, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

Член 17

За користење и располагање со средствата на Здружението одлучуваат органите на Здружението, согласно надлежностите утврдени со овој Статут, кои преземаат мерки за економско целисообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Член 18

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението. Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 14 од Статутот, како расходите за општествена активност и реализирани проекти согласно предвидениот буџет, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението.

## VI ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 18

Органи на Здружението се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Извршен одбор

## I СОБРАНИЕ

Член 19

Собранието е највисок орган на Здружението, Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието се состанува по потреба , а најмалку еднаш годишно и по барање на мнозинството членови на Собранието.

Член 20

Собранието ги врши следниве работи:

- Донесува Статут на Здружението и врши измени и дополнувања на истиот,
- Донесува програма за работа на Здружението,
- Усвојува годишен извештај како и насоки и план за работа,
- Усвојува завршна сметка и финансиски план,
- Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините во случаите кога се користат средства од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на единиците на локална самоуправа,

Начинот на свикување и работата на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

Член 23

Собранието на Здружението од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Извршен одбор.

Начинот и постапката за избор на Извршен одбор се уредува со Деловник.

Член 24

Собранието може полноправно да работи и одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови. Одлуката стапува во сила кога Претседателот ќе ја даде својата согласност за истата. Претседателот има право да не се согласи со одлуките на Собранието, при што изгласа со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Собранието, одлуката стапува во сила и без согласност на Претседателот.

На Собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите/делагатите гласањето може да биде трајно.

## 2. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Член 25

Претседателот на Здружението е лице овластено за застапување во правниот промет. Претседателот на Здружението го претставува здружението и ги извршува одлуките на Собранието и Извршниот одбор.

Претседателот на Здружението воедно е и претседател на Извршниот одбор.

Член 26

Претседателот на Здружението:

- Го претставува и застапува Здружението,
- Ја организира, координира и насочува работата на Здружението,
- Ја обезбедува законитоста во работењето на Здружението,
- Предлага членови на Извршниот одбор,
- Предлага основање постојани и повремени работни тела на Здружението,
- Врши други работи определени со Статут.

- Одлучува за промена на целите на Здружението,
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации,
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето,
- Избира Претседател на Здружението,
- Избира и разрешува членови на извршниот одбор,
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија,
- Ја следи материјално-финансиската состојба на Здружението
- Расправа за резултатите од развојот на Здружението и дава натамошен развој на Здружението,
- Донесува деловник за работа,
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението,
- Одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од сите членови на Здружението,
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и актите на Здружението.

Член 21

Собранието од своите редови избира Претседател и заменик претседател со мандат од 4 години.

Претседателот на Собранието ги свикува седниците на Собранието, се грижи за примена на Деловникот за работа и врши други работи определени со Статут.

Претседателот на Собранието пред секоја редовна и вонредна седница врши координација со Претседателот на Здружението и Извршниот одбор за утврдување на предлог дневен ред за работа.

Член 22

Собранието работи на годишни (редовни) и вонредни заседанија.

Редовна седница на Собранието се свикува во втората половина на месец Јануари секоја година, а вонредна на Предлог на претседателот на Здружението, Претседателот на Собранието или 1/3 од членовите на Собранието.

Ако Претседателот на Собранието не свика редовна седница до 25-ти Јануари седницата ја свикува Извршниот одбор.

Ако Извршниот одбор не свика седница во рокот предвиден со претходниот став членовите сами се составуваат.

Седницата за работа на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на мнозинството од вкупниот број членови.

Член 27

Претседателот на Здружението потпишува договори за соработка со домашни и странски правни и физички лица по претходна писмена согласност на сите членови на Извршниот одбор.

Член 28

Претседателот се избира за време од 4 години.

Кандидат за Претседател на Здружението поднесуваат 1/3 од членовите на Собранието на Извршниот одбор.

За Претседател на Здружението е избран кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието. Доколку ниту еден кандидат не го добил потребното мнозинство се повторува целата постапка.

Член 29

Собранието на Здружението со 2/3 мнозинство гласови може да изгласа недоверба на Претседателот.

Постапката за гласање недоверба се уредува со Деловник за работа на Собранието. Во случај на спреченост, отсуство или изгласана недоверба функцијата Претседател на Здружението ја извршува Претеседателот на Собранието до избор на нов Претседател.

## 4. ИЗВРШЕН ОДБОР

Член 30

Извршниот одбор е орган на Здружението задолжен за формулирање и креирање политики за реализација на целите на Здружението согласно Статутот.
Секој член на Извршниот одбор има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на Здружението во согласност со Статутот.

Член 31

Извршниот одбор на Здружението ги врши следниве работи:

- Ги подготвува дневниот ред и агендата на седниците на Собранието,
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието,
- Ја спроведува политиката на Собранието како и заклучоците и одлуките донесени на Собранието,
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението
- Подготвува годишен или периодични извештаи за својата работа,
- Донесува деловник за работа,
- Донесува и реализира годишна програма за работа,

- Донесува соодветни правилници,
- Прифаќа спогодби и издава согласност за склучување договори,
- Донесува одлуки за формирање на постојани работни тела и комисии и ја насочува нивната работа,
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации,
- Доделува одлуки за награди, пофалници и признанија
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства
- Донесува одлуки по приговори и жалби
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението
- Решава за формирање на ограноци на Здружението,
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

Член 33

Претседателот на Здружението ги свикува седниците на Извршниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците.

Во случај на отсутност на Претседателот на Здружението на седницата го заменува еден од членовите од Извршниот одбор.

Претседателот на Здружението е должен да свика седница на Извршниот одбор најмалку еднаш во 6 месеци, а по потреба повеќе пати или по барање на 1/3 од членовите на Извршниот одбор.

Со седницата раководи и претседава Претседателот а во негово отсуство ќе раководи член од Извршниот одбор кој ќе го назначи Претседателот.

Начинот на свикување на седница и работењето на Извршниот одбор се уредува со Деловник за работа.

Член 34

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број членови може да изгласа недоверба на секој член поединечно или на целиот извршен одбор.

Постапката за гласање недоверба на Извршниот одбор се уредува со деловник за работа на Собранието.

Член 35

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор може да формира други работни тела.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 36

Здружението престанува со работа во следните случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од вкупниот број членови на Собранието на Здружението,
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение на граѓани,
- Ако е поминато двојно повеќе од времето предвидено за одржување на седница на Собранието, а таа не е одржана,
- Ако во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со Закон,
- Донесена одлука на надлежен суд,
- Стечај
- Спроведена ликвидација.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови на Собранието.

Во случај на престанок на работата на Здружението, приматели на средствата што остануваат по намирување на обврските се Претседателот и членовите на Извршниот одбор.

Претседател

Билјана Атанасовска